# ЗДРАВКОВА-ЏЕПАРОСКА, СОЊА: УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВРСКИТЕ ПОМЕЃУ МАКЕДОНИЈА И УНГАРИЈА ВО КУЛТУРАТА

Zdravkova-Djeparoska, Sonja Dr., Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Music, Department of Ballet Pedagogy, professor.

Absztrakt

A cikk a Magyarország Szkopjei Nagykövetsége általa támogatott macedóniai kutatási projektet mutat be, amelynek címe: Magyar művészek a macedón kulturális színtéren. A projekt célja az volt, hogy felkutassa a magyar művészek macedón zenei és balett sterén elért összes eredményét. A legfontosabb szervezetek (Macedón Opera és Balett, Macedón Filharmónia) és fesztiválok (Ohridi Nyár, Május Nyitó Esték, Szkopje Nyár, Fiatal Nyílt Színház stb.) kerültek be a kutatás körébe. A projekten dolgozó csapat Veszna Maljanovszka, Eleni Novakovszka, Aleksandar Trajkovski, Julijana Papazova és a cikk szerzője, Sonja Zdravkova-Dzseparoszka volt. A kutató csoport nyilvános bemutatón számolt be eredményeiről a Czkopjei Képzőművészeti Egyetemen 2019. május végén. Kutatásukról publikáció készítése is folyamatban van. A leendő kiadvány a kutatás eredményeit elemző kutatásokkal kiegészítve tárja a nagyközönség elé.

#szkopjeimagyarkovetseg #magyarmuveszekmacedoniaban #macedonopera #macedonbalett #magyarmacedonkapcsolatok

Abstract

The article presents a research project in Macedonia supported by the Embassy of Hungary in Skopje, entitled “Hungarian Artists on the Macedonian Cultural Scene". The aim of the project was to search for all the achievements of Hungarian artists in the field of Macedonian music and ballet. The most important organizations (Macedonian Opera and Ballet, Macedonian Philharmonic) and festivals (Ohrid Summer, May Opening Evenings, Skopje Summer, Young Open Theater, etc.) were included in the research. The team working on the project was Vesna Maljanovska, Eleni Novakovska, Aleksandar Trajkovski, Julijana Papazova and the author of the article, Sonja Zdravkova-Djeparoska. The research group reported on its results in a public presentation at the University of Fine Arts in Skopje at the end of May 2019. A publication on their research is also being prepared. The forthcoming publication will be presented to the general public with research analyzing the results of the project.

#embassyofhungaryinskopje #hungarianartistsinmacedonia #macedonianopera #macedonianballet #hungarianmacedonianrelations

Врските помеѓу Унгарија и Македонија во делот на музиката и танцот постоеле бележејќи различен интензитет и форма. Многу поинтензивно развивајќи се како гостувања на унгарски уметници во Македонија и многу поскромно во однос на гостувањата на македонски уметници во Унгарија. Меѓутоа она што досега недостасуваше е нивно фиксирање и анализа. Овие културни релации никогаш не биле тема на истражување, се досега. На огромно задоволство на група истражувачи од делот на музичката и танцовата сфера, амбасадата на Унгарија во Скопје поддржа проект кој го истражува, анализира и бележи присуството на унгарските уметници во Македонија под наслов „Унгарските музички уметници на македонската културна сцена “. Со тоа не само што се овозможува формирање на дата база на податоци, туку и преглед и видливост на видовите соработка, имињата на уметниците и програмите со кои настапувале. Проектот започна кон крајот на 2018, завршува тековната 2019 година и се одвиваше во неколку фази. По оформување на тимот и дефинирање на полињата на истражувачки интерес кои беа поделени во овој случај според форма на делување

(институции, фестивали, танцова сфера, медиуми) првата фаза беше поврзана со прибирање на информации. Овој процес не беше нималку лесен ниту едноставен бидејќи се истражуваше периодот од формирање на институциите Македонска филхармонија, Македонска опера во состав на Македонскиот нароеден театар (МНТ) итн. За оваа цел беа користени архивите на институциите, монографските изданија, печатот и периодиката од почетниот период па се до денес, беа направени интервјуа со релевантни личности кои можат да посведочат за одредени настани, особено од основачкиот период. По овој обемен процес следеше класифицирање и анализа на податоците. Зборувајќи лично во истражувањето тргнав со чувство дека во делот на танцовата сфера ќе забележам само неколку имиња на унгарски уметници, но резултатот беше завиден број на гостувања и реализирани изведби. Секој од членовите на тимот пристапи кон аналитички процес кој беше финализирање на активностите на прибирање и бележење на податоците. Тие беа обработени во форма на презентација, а подоцна и како пишани текстови. Со ова проектот доби теориска постулација. За разлика од мноштво други проекти каде што финалниот резултат е база на податоци, во овој случај таа база беше искористена за нејзино научно промислување што е чекор повеќе во однос на квалитетот на самиот проект.

Следната фаза беа активностите за популаризација на истражениот материјал, но едновремено и запознавање на македонската јавност со самиот проект и добиените резултати. Мошне е важно за секој истражувачки проект да ги надмине тесните граници на професионалната фела и да прокомуницира со јавноста. Тоа за овој проект со гордост може да кажеме дека го направи. Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕФТА беше домаќин на презентација која се одржа на 29 мај. На презентација присуствуваа и претставници од Амбасадата на Унгарија во Скопје, членови на Здружението на унгарците во Македонија Теледом, но и новинари, музиколози, професори како и заинтересирани за самиот проект. Салата беше претесна да ги собере сите кои пројавија интерес за присуство. Како резултат самата презентација во најстариот македонски весник *Нова Македонија* новинарката Катерина Богоева го подготви текстот „Унгарските музички уметници се присутни на македонската културна сцена“ (линк на кој може да се најде интегралниот текст во електронска форма е даден во фуснотата на овој текст[1]) публикуван на 26 јуни. Тоа го покажува интересот кој го побуди јавната презентација.

Сметам дека е потребно да се издвои порстор во овој сегмент за екипата која работеше на овој проект односно на темите, кои секој од истражувачите ги подготвуваше и обработи. Еден од иницијаторите и најангажиран во оформување на проектот беше музикологот Весна Малјановска. Таа нееднократно го има истражувано овој материјал кој се преточи во неколку ТВ емисии (Малјановска е професионално ангажирана во Македонската телевизија во редакцијата за култура и уметност). Таа ги истражуваше дел посветен на односот на медиумите во снимање, следење и оценување не само на репродуктивните унгарски уметници во македонскиот културен простор, туку и посредното присуството на унгарските композитори. „Застапеноста на унгарските уметници во програмите на МРТ“ (Македонската радио телевизија) е насловен и нејзиниот темат. Морам да истакнам дека постојат серија записи и ТВ емисии посветен на унгарските уметици во архивите на МРВ. За „Унгарските музички уметници на сцената на филхармонијата“ истражуваше Елени Новаковска. Таа ги прибележа сите настапи кои се одвивале од основањето на Македонската филхармонија па се до денес. Во овој контекст се нотирани и настапите на уметниците со унгарско потекло кои не живеат во Унгарија. Може да се забележи импозантен број на гостувања, но во поново време и соработки во форма на заеднички проекти.

Следната провокација беа музичко-сценските жанрови. Александар Трајковски ги проучуваше „Унгарските музичари и оперски дела на сцената на Македонската опера“. Од самиот наслов на текстот може да се согледа дека истражувањето не се насочи единствено на присуството на унгарските музичари, туку се анализираа и делата од унгарските композитори кои биле дел од репертоарот или од програмата на фестивалот *Мајски оперски вечери.* За присуството на унгарската музичка уметност на сцените на другите фестивали меѓу кои и најзначајниот *Охридско лето,* но и програмите на *Дирекцијата за култура и уметност* пишуваше Јулијана Папазова во текстот насловен „Застапеноста на унгарските музички уметници на Охридско лето и на Скопско лето“. Со ова се исцрпе максимално можноста да се пронајдат, лоцираат и забележат настапите на унгарските уметници кои се дел од класичната музичка сфера.

Но, опсегот на истражувачкиот проект не се заврши тука, туку ги вклучи и танцовите уметници како еден од сегментите. Авторот на овие редови како дел од професионалната провокација односно интерес ја има танцовата сфера, го понуди текстот „Интеркултуралните релации Македонија-Унгарија во сферата на танцот“. Самиот формат на проектот кој поаѓа од идејата да се фиксираат сите постојни соработки иницираше потреба да се забележат и соработките во танцова сфера. Интересен е фактот дека во перидот до 1991 година не постоело ниту едно гостување на унгарски танчар, кореограф или репетитор во Македонија. Но, како еден од пионерите во основачки период на балетот во Македонија го пронаоѓаме името на Јован Пашти. Тој е Унгарец по потекло кои првиот период од професионалниот живот го минува во Народно позориште во Белград од каде доаѓа во Скопје и останува до крајот на својот живот, со што остава силен траг во македонската балетска историја. По осамостојувањето соработките се интензивираат најчесто преку гостувања на трупи и претстави од Унгарија. Мора да се истаке една соработка која егзистира веќе повеќе години и вредува со повеќе активности. Тоа е соработката на Унгарската академија за танц во Будимпешта и Катедрата за балетска педагогија на Факултетот за музичка уметнст при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Како иницијатор за оваа но и за други форми на соработка е одговорна Ана Марија Боља.

Како своевидно финале за месец ноември е предвидено публикување на книга стручни текстови која ќе претставува заокружување на проектот. Овој пример на поддршка на амбасадата на Унгарија во Скопје го покажува интересот кој земјата го има во однос на фиксирање на активности и треба да послужи како пример за посветен однос кон сопствената култура.